РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

**Бр. 02-31/2**
**Скопје,17.02.2026 година**

**Записник од триесет и осма седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 17.02.2026 година**

Присутни:
г-дин м-р Башким Бесими – Претседател
г-ѓа Марјана Илиеска – Заменик претседател
г-дин Фатих Алиу -член
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Душица Димитриеска –член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева - член
Г-ѓа Кети Петкова-член
г-дин Ермон Незири -член
г-ѓа Зорица Павловиќ -член
г-ѓа Светлана Стојковиќ –член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни десет членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на триесет и осмата седница на Советот.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја отвори триесет и осмата седница на Советот и воедно предложи дневниот ред да биде дополнет со уште една точка и тоа Донесување на одлука за престанок на функција јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија, за јавниот обвинител Расим Дреца од ОЈО Скопје, по што Дневниот ред би гласел:

1. Давање Мислење на Владата на Република Северна Македонија за именување на Јавен обвинител на РСМ
2. Донесување на одлука за престанок на функција јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија, за јавниот обвинител Расим Дреца од ОЈО Скопје
3. Разно

Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека на денешната седница ќе се пристапи кон разгледување на пријавите и давање на образложено мислење за кандидатите по огласот за избор на јавен обвинител на РСМ. Кажа дека за секој кандидат кој ги исполнува законските услови ќе се отвори дискусија и ќе се спроведе гласање, при што за позитивно мислење потребно е мнозинство гласови, односно најмалку шест гласа. Наведе дека Мислењето ќе биде изготвено во писмена форма за секој пријавен кандидат и ќе содржи јасна оценка, позитивна или негативна. Кажа дека на огласот се имаат пријавено вкупно пет кандидати и тоа:

- Г-ѓа Анита Тополова Исајловска
- Г-дин Владимир Панчески
- Г-ѓа Лидија Раичевиќ
- Г-ѓа Ленче Ристовска
- Г-дин Ненад Савески

Кажа дека пред да се продолжи со оценувањето на кандидатите, би посочил дека според достапната документација и условите пропишани со закон, смета дека кандидатот Владимир Панчески не ги исполнува условите согласно законот и согласно тоа, не треба да биде ставен на гласање во понатамошната постапка. Воедно отвори дискусија по ова прашање.

Збор зема заменик претседателот на Советот г-ѓа Марјана Илиеска која кажа дека согласно законскиот услов предвиден во чл.62 од Законот за јавното обвинителство, кандидатот покрај општите услови за избор на Јавен обвинител на РСМ мора да го исполнува посебниот услов да има непрекинат стаж од најмалку десет години како јавен обвинител или како судија од областа на кривичното право. Во конкретниот случај кажа дека кандидатот има стаж како судија од 13 години по што му престанала функцијата согласно закон. Наведе дека фактот што во моментот не е судија ниту јавен обвинител, значи дека нема континуитет во вршењето на правосудната функција до денот на поднесувањето на пријавата. Според тоа овој стаж правно не може да се смета за непрекинат, туку како вкупен претходен стаж.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го стави на гласање предлогот кандидатот Владимир Панчески поради тоа што не ги исполнува условите да не биде ставен на гласање во понатамошната постапка за давање на мислење.

Едногласно со десет гласа ЗА беше усвоен предлогот на Претседателот на Советот.

**Заклучок: Членовите на Советот на јавните обвинители на РСМ констатираа дека кандидатот г-дин Владимир Панчески не ги исполнува законските услови и поради тоа нема да се дава мислење за овој кандидат.**

Се помина на кандидатите кои законски ги исполнуваат условите за Јавен обвинител на РСМ. За кандидатот Анита Тополава Исајловска, претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека во моментот ја извршува функцијата ВД Јавен обвинител на РСМ со одлука на СЈОРСМ, има 16 година стаж како јавен обвинител, прв избор за јавен обвинител бил во 2009 година, за јавен обвоинител во ЈОРСМ била избрана во 2016 година. Воедно отвори дискусија за овој кандидат.

Збор зема заменик претседателот на Советот г-ѓа Марјана Илиеска која кажа дека јавниот обвинител Анита Тополова Исајловска има долгогодишно работно искуство како јавен обвинител кој ги има поминато сите инстанци во јавнообвинителскиот систем што значи темелно го познава функционирањето на сите нивоа. Кажа дека станува збор за кандидат со богато искуство во јавнообвинителскиот систем кој во три последователни мандати ја извршува функцијата заменик на републичкиот јавен обвинител, што укажува на нејзиниот кредибилитет, доверба, углед и етичност. Кажа дека поседува организаторски и менаџерски способности поради што смета дека успешно ќе ја извршува оваа функција.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ за кандидатот Анита Тополова Исајловска кажа дека веќе 16 години е јавен обвинител, воедно е и раководител на Одделение за меѓународно-правна помош од 2018 година, раководител на канцеларија за поврат ок на имот,контакт точка на ЈОРСМ со ДКСК, член на меѓународни мрежи за борба против корупцијата и член на други експертски работни групи на Интерпол итн. Кажа дека сето ова укажува на нејзината ангажираност и квалитети за да се справува со работните задачи и од тие причини би дала позитивно мислење за овој кандидат.

Г-ѓа Кети Петкова кажа дека по однос на оваа точка прво ќе каже нешто општо во врска со законските одредби . Советот согласно уставната и законската поставеност ја има една од најважните улоги во изборот на јавен обвинител на РСМ , од причини што негативното мислење за било кој кандидат значи негова елиминација пред воопшто да дојде на седница на Влада , која пак од кандидатите за кои има позитивно мислење треба да даде предлог до Собранието за избор на ЈО . Впрочем согласно член 9 од ЗСЈО во кој се набројуваат надлежностите на Советот,давањето мислење за избор на ЈО е една од приоритетните надлежности на Советот. Во предлог законското решение за измени на ЗЈО е предвидено кандидатите покрај биографијата да достават и програма за работа, јавна расправа и интервјуа,но ние со актуелното законско решение ја немавме таа можност,бидејќи тој Закон иако со реформската агенда требаше да се донесе до 31.12.2025 година , не се донесе. Тоа сигурно ќе дадеше подобра можност за претставување на кандидатите за државен јавен обвинител . Можеби следниот Совет ќе ја има можноста да го даде мислењето за избор на државен јавен обвинител во таква постапка.вНие имавме можност да се запознаеме со кандидатите преку нивните биографии , за некои од кандидатите и од програмите што ги доставија , за кое што нешто немаа законска обврска , па од тие причини ние немавме друга законска можност како да ги цениме освен од нашата перцепција за нивната работа преку извештаите за работа и од тоа што како Совет можеме да го утврдиме за кандидатите . По однос на кандидатот за јавен обвинител Анита Тополова Исајловска кажа дека

се согласува во целост со дискусијата на претходните членови , која кореспондира и со тоа што го дала како пртедлог за избор на овој кандидат при изборот за вршител на фунцијата јавен обвинител на јавното обвинителство на РСМ и за овој кадидат ќе даде позитивно мислење.

Г-дин Ермон Незири кажа дека имајќи ги во предвид одредбите од чл.64 од Законот за јавното обвинителство во ст. 4 каде се бара позитивно или негативно мислење, а особено чл.5 каде е регулирано и доколку Советот не даде мислење, тоа по автоматизам се смета за позитивно дадено мислење на Советот. Смета дека треба да се гледа негативното поведение на кандидатите под наводници, што Владата и Собранието цени дека Советот има таков вид на информации. Од причина што ниту за еден кандидат нека такви негативни околности, остава на Владата на РСМ понатаму да одлучи од причина што согласно законот е и предлагач Собранието да избере Јавен обвинител на РСМ. Кажа дека за кандидатот Анита Тополова Исајловска ќе даде позитивно мислење од причина што од 2009 година е јавен обвинител во ОЈО Скопје, била јавен обвинител во ВЈО Скопје и неколку години е јавен обвинител во ЈОРСМ. Наведе дека со оглед дека пред неполни два месеци гласал да ја извршува функцијата ВД Јавен обвинител на РСМ, смета дека е коректно и сега да добие позитивно мислење, а понатаму постапката да продолжи пред Владата на РСМ.

Г-дин Ардиан Демири се осврна на чл.64 ст.3 од Законот за јавното обвинителство каде Советот согласно сегашната поставеност и надлежности на Советот, а со новиот закон можеби Советот ќе има друга можност за еваулација. Истакна дека Советот може да утврди само дали кандидатите ги исполнуваат законските услови или пак истите не ги исполнуваат за избор на јавен обвинител на РСМ. Кажа дека за сите кандидати бил дал позитивно мислење, со исклучок за кандидатот Владимир Панчески поради тоа што нема непрекинат стаж од 10 години како јавен обвинител или судија. Воедно кажа дека би додал колку што ги познава работите и ги следи работите во Јавното обвинителство, од кандидатите г. Ненад Савески е една промена барем досега со оглед дека истиот доаѓа од редот на судии, смета дека тоа е интересно за нас како Совет и во однос на селекцијата што Владата би ја направила понатаму согласно закон и Устав, како предлагач понатаму на еден кандидат за државен јавен обвинител. Така што личен став во однос на сите кандидати од обвинтелката Анита Тополова-Исајловска до судијата Ненад Савески ќе даде позитивно мислење.

Откако никој не зема збор се помина на јавно гласање за кандидатот Анита Тополова Исајловска.

Г-дин Алиу Фатих даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-дин Башким Бесими даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-дин Демири Ардиан даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-ѓа Душица Димитриеска даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-ѓа Колева Догазанска Јелена даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-ѓа Илиевска Марјана даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-дин Незири Ермон даде ПОЗИТИВНО мислење

Г-ѓа Павловиќ Зорица даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-ѓа Кети Петкова даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-ѓа Стојковиќ Светлана даде ПОЗИТИВНО мислење

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија даде ПОЗИТИВНО мислење за кандидатот Анита Тополова Исајловска.**

Се помина на кандидатот Лидија Раичевиќ. Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими, кажа дека истата е јавен обвинител во ОЈО Скопје со непрекинат стаж од 22-години, дека е доктор по правни науки по што отвори дискусија за овој кандидат.

Збор зема г-ѓа Зорица Павловиќ која кажа дека за овој кандидат ќе даде позитивно мислење бидејќи ги исполнува законските услови. Кажа дека кандидатот има одлични резултати во своето професионално работење. По однос на стручноста на овој кандидат сака да истакне дека во текот на нејзината професионална кариера има работено на повеќе тешки кривично правни предмети, па така уште како стручен соработник во 1997 година беше ангажирана од Јавниот обвинител Ацо Колевски при работењето на кривичниот предмет оформен против обвинетиот Аце Боцевски викан Циганот за кривично дело убиство кој што предмет резултираше со осудителна пресуда. Потоа како јавен обвинител работи на многу тешки предмети- убиството на италијанскиот државјанин Пино Секондо, што резултира со осудителна пресуда од 19 година затвор за обвинетата Ангела Георгиевска, а во тек се и многу други кривични предмети, меѓу кои случајот со ваучерите на Агенција за млади и спорт каде што се обвинети 12 лица за кривични дела Злоупотреба на службена положба и несовесно работење, а штетата е над 5 милиони евра. По однос на стручното усовршување за овој кандидат кажа дека во 1998 година се стекнува со академски степен и магистер по правни науки од областа на казненото право, а во 2014 година се стекнува со научен степен доктор на правни науки. Кандидатот бил член на Национална комисија за борба против тероризмот и националниот ектремизам во 2018/2019 година, член на Комисија за изработка на ЗКП кој е во примена од 2013 година. Има објавено повеќе научни и стручни трудови од областа на казненото право како и книга "Улогата на јавниот обвинител во Казнено правниот систем." Предавач, едукатор и ментор во АСЈО. Во својата програма насловена како "Стратегија за извршување на функцијата Јавен обвинител на РСМ", јавниот обвинител д-р Лидија Раичевиќ ја искажува својата визија, план и програма за работа на Јавното обвинителство, а со цел зајакнување на улогата на Јавното обвинителство преку стручно, транспарентно и професионално работење и зајакнување на правната сигурност. Во своето професионално работење поседува морални, етички вредности и покажува организациски и менаџерски способности, а со сите вработени има коректни односи. Смета дека нејзиниот интегритет, стручност и непристрасност и професионалност се на многу високо ниво и затоа ќе даде позитивно мислење за кандидатот бидејќи смета дека успешно ќе ја иврушува функцијата Јавен обвинител на РСМ.

Г-дин Ермон Незири кажа дека кандидатот Лидија Раичевиќ е долгогодишен јавен обвинител со големо работно искуство, дека доста вложува во себе во јавнообвинителската работа, а тоа го потврдува и нејзиното академско звање доктор на правни науки. Наведе дека ќе гласа позитивно за овој кандидат.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ во однос на овој кандидат, Лидија Раичевиќ, кажа дека била дел од Советот кој давал мислење за кандидатурите по јавниот оглас минатиот пат, тоа било декември 2023 година, кога јавниот обвинител се пријави исто така. Кажа дека тогаш сите членови гласале за негативно мислење за тој кандидат. Притоа истакна дека не била понесена од аргументите на дел од колегите тогаш во Советот дека јавниот обвинител нема докажано работно искуство со раководна улога и организациски способности и поради тоа не ѝ се дава позитивно мислење, туку во тој момент сметала дека кандидатот потоа државен јавен обвинител Љупчо Коцевски е најдобар кандидат во тој момент за таа функција и од таа причина го дала тоа мислење. Во овој оглас и со овие кандидати, вкупно четворица кажа дека за сите ќе даде позитивно мислење, меѓу кои и за овој јавен обвинител од причина што мисли дека сите подеднакво заслужуваат иста шанса. Кажа дека во вакој случај не може да направи градација, не постои воспоставен вредносен систем за да може да заклучиме кој е подобар, а кој помалку добар. Понатаму се осврна на работното искуство од 22 години, дека била член на работна група, дека има објавено повеќе научни трудови, а меѓу другото доставила и Стратегија за извршување на функцијата јавен обвинител на РСМ, со што ја искажала својата визија за извршување на оваа функција. Од тие причини изјави дека ќе даде позитивно мислење за овој кандидат.

Г-ѓа Кети Петкова кажа дека согласно принципот на конзистентност по кој тежнее да го практикува како начин на размислување, за овој кандидат ќе даде негативно мислење.

Заменик претседателот на Советот г-ѓа Марјана Илиеска за овој кандидатот покрај другото наведе дека истата била и ментор и едукатор на АСЈО што укажува на нејзиниот професионален пристап и ангажман во унапредување на јавнообвинителската функција, така што смета дека кандидатот поседува стручност, професионалност и етички квалитети да ја извршува оваа функција и дека ќе даде позитивно мислење за овој кандидат.

Откако никој не зема збор се помина на јавно гласање за кандидатот Лидија Раичевиќ.

Г-дин Алиу Фатих даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-дин Башким Бесими даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-дин Демири Ардиан даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-ѓа Душица Димитриеска даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-ѓа Колева Догазанска Јелена даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-ѓа Илиевска Марјана даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-дин Незири Ермон даде ПОЗИТИВНО мислење

Г-ѓа Павловиќ Зорица даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-ѓа Кети Петкова даде НЕГАТИВНО мислење
Г-ѓа Стојковиќ Светлана даде ПОЗИТИВНО мислење

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија даде ПОЗИТИВНО мислење за кандидатот Лидија Раичевиќ.**

Се помина на кандидатот Ленче Ристовска. Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими за овој кандидат кажа дека е јавен обвинител во ОЈО Скопје, кажа дека има уредна документација и стаж со што ги исполнува условите за Јавен обвинител на РСМ. Наведе дека има завршено АСЈО, дека е магистер по што отвори дискусија за овој кандидат.

Збор зема г-дин Ермон Незири кој кажа дека колешката Ленче Ристоска е обвинител со повеќегодишно искуство, нема нешто негативно што би издвоил и би ја елиминирал од трката. Понатаму кажа дека колешката има напишано и доставено програма која во некои делови смета дека би дале придонес за унапредување и зајакнување на капацитетите на Јавното обвинителство. Има учествувано на меѓународни проекти, дека е претставник на Република Северна Македонија во Европравда и од таа причина ќе даде позитивно мислење.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ во однос на експертскиот и професионалниот ангажман за овој кандидат кажа дека е доста плоден, дека меѓудругото е автор на прирачници, рецезент на употреба на македонскиот јазик во правна постапка, ангажирана како експерт од Стејт департментот на САД, има издадено доста научни трудови, дека е член на повеќе комисии, едукатор во АСЈО. Потенцираше дека кандидатот доставил Програма за работа која била доста стручно изработена.

Г-ѓа Зорица Павловиќ исто така даде позитивно мислење за овој кандидат и се согласи со дискусиите на колегите. Смета дека кандидатот ги исполнува законските предуслови, дека станува збор за стручен и професионален јавен обвинител.

Откако никој не зема збор се помина на јавно гласање за кандидатот Ленче Ристоска.

Г-дин Алиу Фатих даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-дин Башким Бесими даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-дин Демири Ардиан даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-ѓа Душица Димитриеска даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-ѓа Колева Догазанска Јелена даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-ѓа Илиевска Марјана даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-дин Незири Ермон даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-ѓа Павловиќ Зорица даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-ѓа Кети Петкова даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-ѓа Стојковиќ Светлана даде ПОЗИТИВНО мислење

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија даде ПОЗИТИВНО мислење за кандидатот Ленче Ристоска.**

Се помина на кандидатот Ненад Савески. Претрседателот на Советот г-дин Башким Бесими ги запозна членовите на Советот со биографијата на овој кандидат, кажа дека е судија во Основниот кривичен суд – Скопје, дека има завршено обука за судии и јавни обвинител (АСЈО), дека е магистер по правни науки, истакна дека од 2010 до 2016 година бил јавен обвинител во ОЈО Скопје по што отвори дискисија за овој кандидат.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова, која по однос на овој кандидат кажа дека Советот немал можност за него како судија да има извештаи за неговата работа. Истакна дека откако е член на Советот имала можност лично да се запознае со овој кандидат на конференции и работилници, за што има позитивна перцепција за него .Од увидот во неговата пријава се утврдува дека нема доставено програма или стратегија за работа , но доставувањето на истата не е задолжително.Од неговата биографија видно е дека целокупниот работен стаж го има стекнато во правосудниот систем од стручен соработник во Основен суд Гостивар, обвинител во ОЈО Скопје заклучно со 12.09.2016 година, а од 13.09.2016 година до денес ја обавува функцијата судија во Основниот кривичен суд Скопје ,што значи дека нема прекин во стажот до денес , а таквиот работен ангажман може само да даде придонес во извршувањето на функцијата за која претендира . Истиот е член на повеќе работни групи за изготвување на законски измени, учествувал на меѓународни конференции, а е и ментор во АСЈО,а исто така има и препораки од многу странски институции . Поради наведеното кажа дека ќе даде позитивно мислење за овој кандидат .

Г-дин Ермон Незири кажа дека Владата на РСМ е таа која одлучува кој ќе биде избран за јавен обвинител на РСМ, а за кандидатот Ненад Савески кажа дека ќе даде позитивно мислење. Истакна дека кандидатот го познава како јавен обвинител и како судија и цени дека ќе биде додадена вредност доколку добие позитивно мислење од страна на Советот со оглед дека доаѓа од позиција на судија.

Откако друг никој не зема збор се помина на јавно гласање за кандидатот Ненад Савески.

Г-дин Алиу Фатих даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-дин Башким Бесими даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-дин Демири Ардиан даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-ѓа Душица Димитриеска даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-ѓа Колева Догазанска Јелена даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-ѓа Илиевска Марјана даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-дин Незири Ермон даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-ѓа Павловиќ Зорица даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-ѓа Кети Петкова даде ПОЗИТИВНО мислење

Г-ѓа Стојковиќ Светлана даде ПОЗИТИВНО мислење

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија даде ПОЗИТИВНО мислење за кандидатот Ненад Савески.**

Откако беа разгледани сите апликации на кандидатите пријавени на огласот за избор на Јавен обвинител на Република Северна Македонија, Советот согласно чл.63 ст.3 и чл.64 ст.3 од Законот за јавното обвинителство, доставува мислење до Владата на Република Северна Македонија во писмена форма.

Под точка два од дневниот ред ,претседателот на Советот ги извести членовите на Советот дека од страна на јавниот обвинител во ОЈО Скопје г-дин Расим Дреца е поднесено барање за престанок на функцијата јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија заклучно со 28.02.2026 година.

Од страна на членовите на Советот барањето на јавниот обвинител Расим Дреца беше едногласно усвоено.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука и решение за престанок на работниот однос на јавниот обвинител Расим Дреца поради исполнување на услови за старосна пензија заклучно со 28.02.2026 година.**

Откако друг никој не зема збор, Претседателот на Советот ја заклучи триесет и осмата седница на Советот.

Записникот го водел
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Башким Бесими**